Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08-211/5
24.04. 26 год.
ГРАДСКО

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 и член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 17 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Советот на Општина Градско на седницата одржана на 24.04.2026 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за активностите на општина Градско во областа на културата и културните манифестации за 2026 година

## I. ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на општина Градско во областа на културата и културните манифестации во 2026 година се:

- Обезбедување активен однос на Советот на општина Градско кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата;
- Сочувување на и афирмирање на културниот идентитет и културното наследство на општина Градско;
- Поттикнување на граѓаните да учествуваат во културно- уметнички активности и манифестации и да ги развиваат своите уметнички афинитети;
- Промовирање родова еднаквост и демократски вредности преку културни настани и активности.

## II. АКТИВНОСТИ

Активностите на општина Градско во областа на културата во 2026 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма.

Општина Градско во насока на остварување на горе наведените цели за тековната 2026 година планира да ги реализира следните активности:

| Активности на општина Градско за 2026 година | | | |
|---|---|---|---|
| Р.бр. | Активности | Носител на активноста | Буџет |
| 1 | Одржување на пролетна културна манифестација „Фолклоријада Градско“<br>-договорни услуги (сликар, озвучување) 42.000,00 денари<br>-репрезентација 60.000,00 денари | -Општина Градско | 102.000,00 денари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2 | Поддршка на Културни уметнички друштва | Општина Градско | 100.000,00 денари |
| 3 | Одбележување на Патронот на Градско „Св. Апостол Павле“- 13 Јули<br>-уметнички дел 1.517.000,00<br>-репрезентација 55.000,00<br>-изнајмување на опрема (бина и коњопои) 230.000,00<br>-сместување 120.000,00<br>-екипа на Брза помош 30.000,00<br>-договорни услуги (сликар, келнер, озвучување, обезбедување) 86.000,00<br>-дриги материјали (огномет, 40.000,00 | -Општина Градско | 2.078.000,00 денари |
| 4 | Одбележување на 11 Октомври-Денот на народното востание на РМ | Општина Градско | 1.000,00 денари |
| 5 | Одбележување на 8-ми Ноември-денот на ослободувањето на Граско | Општина Градско | 1.000,00 денари |
| 6 | Поддршка за одбележување на верскиот празник „Богојавление Водици“- 19 Јануари кога крстот се фрла во водите на реката Вардар во соработка со Црковниот одбор | Општина Градско | 25.000,00 денари |
| 7 | Поддршка за одбележување на верскиот празник „Константин и Елена“- 3 Јуни во село Свеќани | Општина Градско | 10.000,00 денари |
| 8 | Поддршка за одбележување на верскиот празник „Спасовден“ во село Ногаевци | Општина Градско | 10.000,00 денари |
| 9 | Поддршка за одбележување на верскиот празник „Илинден“ 2 Август во село Виничани | Општина Градско | 10.000,00 денари |
| 10 | Поддршка за одбележување на верскиот празник „Голема Богородица“ 28 Август во село Горно Чичево | Општина Градско | 10.000,00 денари |
| 11 | Одбележување на денот на Бошњаците 28 Септември | Општина Градско | 10.000,00 денари |
| **ВКУПНО:** | | | **2.357.000,00 денари** |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на културата утврдени со оваа Програма ќе се финансисраат со средства од Буџетот на општина Градско за 2026 година.

При реализирање на Програмата, Советот на општина Градско ќе ги поддржи институциите и здриженијата на граѓани кои ќе реализираат проекти од областа на културата, финансирани од други инвеститори- заинтересирани партнери, фондации, бизнис сектор и сл.

## IV. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помага културата се:

- Обезбедување стручна, техничка и друг вид поддршка со кадри и опрема со која располага општината;
- Обезбедување сместувачки услуги за учесниците на одделни манифестации.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Градско“.

Совет на Општина Градско
Претседател
___________________
Драгана Данева